Бр./Nr 12-9246/3 (2022)
01-09-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-та седница одржана на 31.08.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-7040/1 од 13.12.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-7040 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-7040/1 од 13.12.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на несовесно работење и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на службени лица во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ, а во врска со јавен оглас бр. /// од /// година, за давање на долгорочен закуп на земјоделско земјиште, сопственост на РСМ, над /// ха. Како што е наведено во пријавата, понудата на подносителот за учество во јавното наддавање била отфрлена, од причина што службените лица во претходно наведеното министерство кои постапувале по истата, утврдиле дека подносителот не доставил докази за регистриран земјоделец, сообраќајна дозвола за трактор, како и дека намената за која подносителот го барал предметното земјиште под долгорочен закуп, не одговарала со онаа која била специфицирана во огласот. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК побара надлежно постапување од горе означеното министерство и врз основа на обезбедениот доказен материјал оцени дека наводите на подносителот се неосновани. Во конкретниот случај, подносителот го барал предметното земјиште во долгорочен закуп, со намена да одгледува житни култури, што не одговара на намената за која било огласено предметното земјиште – одгледување на други земјоделски култури и изградба на објект за примарна обработка на земјоделски производи. Дополнително, иако бил склучен договор за послуга на трактор со друго лице, со технички спецификации кои се детално опишани во договорот, сепак недостасува доказ дека тракторот е регистриран пред надлежните органи – сообраќајна дозвола.

Останатиот навод, дека службените лица не го зеле предвид доставеното решение за регистриран земјоделец, ДКСК го ценеше, но не го прифати како основан од причина што намената во понудата и програмата на подносителот, за конкретното земјиште, не одговара на намената како што е објавен огласот.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Г. Т.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**